**Упатство за креирање на тимови/канали за предавања на Microsoft Teams**

1. Програмата која овозможува online и интерактивни предавања се вика Microsoft Teams, ако имате службен компјутер/лаптоп или свој лиценциран Windows Office веќе ја имате на уредот. Само треба да ја најдете во програмите.

Се логирате како на Skype Business комуникаторот, со корисничкото име на УГД и лозинката што ја користите за истото.




2. Креираниот тим од страна на ИТ секторот има соодветно име. Тимовите на кои им припаѓате ги гледате во полето Teams, со кликнување на иконката Teams на левата страна од програмата.



3. Каналот (посебен виртуелен простор) за различни потреби на корисникот можее да го креирате на веќе направениот тим.

Пример: можете да направите „канали“ за секој од предметите што ги предавате (Види слика)



4. Креирањето на канали можете да го направите на следниот начин:

На првично креираниот тим (Предавања – Проф......) кликнувате на ... веднаш до името на каналот и ви излегува паѓачка листа. На паѓачката листа кликнувате Add channel



5. Го креирате каналот со име и краток опис (доколку сакате) со кликнување на Add.




Ново-креаираниот канал ви се појавува во листата на канали на вашиот тим:



6. Менџирањето на каналите го правите од првично креираниот тим (пример Предавања – Проф. д-р Фиданка Трајкова), со бирање на Manage team, Add member, Add channel… Ги подесувате опциите според своите потреби и видувања.



7. Кога веќе имате креирано канали и ги имате додадено студентите можете да има закажете online предавање со покана преку Outlook Calendar избраме New Teams Meeting. Ова опција е по сопствен избор бидејќи можете претходно на друг начин да договорите термин за предавања, но е доказ дека сите уредно биле повикани на предавањето.






И го закажувате предавањето како нормален состанок со датум, време и дополнителни инструкции и го праќање до студентите.



8. Кога веќе имате закажено предавања, за видео предавање одете на каналот каде тој ден ќе предавате и кликнувате на камерата.




Кликнувате на Meet Now.



9. За споделување на презентација – Share (1) и со Browse (2) и ја бирате презентација што сакате да ја предавате, исто како и документи, веб страни и друг материјал што сакате да го споделите со студентите.

Ја презентирате избраната презентација. Додека го презентирате предавањето, студентите ја гледаат презентацијата и ве гледат Вас, доколку ја оставите камерата вклучена или пак ја исклучувате камерата (3). Видео-предавањето го завршувате со Hung up (4).

Додека трае предавањето студентите може да ги гледате, доколку се вклучени нивните камери, да комуницирате со интерактивни прашања и дискусија.

